ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 11-189/13

Дата: 07.12.2010

ДО
ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗООЛОШКА ГРАДИНА НА ГРАД СКОПЈЕ -СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје Република Македонија (во понатамошниот текст Зоолошка градина) сметката на расходи од буџет на дотации (903) за 2009 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Зоолошка градина сметката на расходи на буџет на дотации за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

На ревизијата не и се презентирани уредни и веродостојни документи кои ќе преставуваат достатни и соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавната установа Зоолошка градина на Град Скопје – Скопје на ден 31 декември 2009 година на сметката расходи од буџет на дотации.

Зоолошка градина не располага со уредни и веродостојни документи за потврдување на целосносноста, вистинитоста и објективноста на материјалните средства (градежни објекти) како и основ на нивното евидентирање во Билансот на состојба.
Воспоставениот начин на евиденција на животните, не генерира соодветни и достатни докази за обезбедување на разумно уверување за бројот, видот и вредноста на животните со кои располага Зоолошка градина.

Во известувачкиот период не се пропишани критериуми за потребните колични за хранење на животните, кое го оневозможува потврдувањето на реалноста и веродостојноста на набавените и потрошените количини на храна.

Надлежните органи за управување и раководење со Зоолошка градина да превземат активности за пропишување на потребните политики и процедури за начинот на обезбедување на потребната документација; евидентирање на трансакциите во деловните книги врз основа на уредни и веродостојни документи и утврдување на потребите од набавка на храна врз основа на точно утврдени критериуми.

Против Зоолошка градина поднесени се повеќе тужбени барања од јавното претпријатие на град Скопје кое има јавни овластувања да стопанисува со комуналниот отпад на износ од 3.608 илјади денари, кои обврски датираат од 2000 до 2005 година. Донесувањето на правосилна судска пресуда за спорниот износ во корист на ЈП Комунална хигиена може да предизвика зголемување на обврските на име главен долг и камати и намалување на квалитетот во извршувањето на дејноста од јавен интерес.

Од страна на раководното лице-законскиот застапник и одговорниот сметководител на Зоолошка градина добиени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година. Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и иститe не ги прифати. Доставените известувања за превземеите мерки по дадените препораки соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи (страна 16 до 18) заедно со ревизија на усогласеност на Јавна установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје на сметката на расходи од буџет на дотации за 2009 година кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансислите извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Анастас Петров, вршител на должноста директор во период од 08.10.2005 година до 02.11.2006 година, а како директор од 03.11.2006 до 09.11. 2009 година и

- Дане Кузмановски вршител на дејноста директор во период од 10.11.2009 година до 28.04 2010 година, а како директор од 29.04.2010 година до денот на ревизијата.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Јавна установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Делокруг на ревизијата – ревизорски постапки“, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие

стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Евиденцијата на градежнбите објекти, бројот, видот и вредноста на животните со кои располага Зоолошка градина, начинот на евиденција на потрошокот на храната за животните се нецелосни, поради што ревизијата не е во состојба да ја потврди реалната вредност на истите искажани во Билансот на состојба и Билансот на приходи и расходи. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 28.06.2010 до 30.07.2010 година кај Јавната установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот-предмет на ревизија, одржан на ден 21.09.2010 година.
На ден 03.11.2010 година со писмо број 02-587/3 од 01.11.2010 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-189/5 од 13.10.2010 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот односно доставените забелешки претставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки или се наведуваат причините за утврдените состојби без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби. Доставените известувања за превземените мерки по дадените препораки соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 3.1. Усогласеност со законски прописи

3.1.1. Во 2006 година превземени се активности за ревитализација на Зоолошка градина а пред се градба на нови објекти, реконструкција на постоечките објектите и адаптација на истите,

кои имаат за крајна цел да се спречи затворање на Зоолошката Градина и подготовка за членство во Европска асоцијација за Зоолошка Градина (ЕАЗА). Финансирањето на градбите се извршува со средства од Буџетот на Град Скопје, дел со донации од други правни и физички лица а за еден дел обезбедени се средствата од Буџетот на Министерството за транспорт и врски/по одлука на Владата на Република Македонија.

Со извршената ревизија на материјалните средства (градежни објекти; инвестиции во тек) на Зоолошка градина; увидот во доставената документација за изградените градежни објекти, градбите кои се во тек и увид во фактичката состојба на лице место констатирани се состојби кои не се во согласност со пропишаната законска регулатива и тоа:

- Изграден е Ограден Ѕид помеѓу Зоолошка градина и Градски Парк и истиот не е евидентиран во сметководствената евиденција. За вредноста на изградената ограда на ревизијата доставена и е информација која била препратена и до Владата на РМ. Оградата зафаќа 3,098 м2 и должина од 1,029 метри со вредност од 10.200 илјади денари од кои 1.300 илјади денари се донација на изведувачот, 2.000 илјади денари се донирани средства а останатите средства се обезбедени од Град Скопје. За горе наведените информации на ревизијата не и се презентирани релевантни докази за утврдување на конечната вредност на изградениот објект, како и доказ дека е извршен технички прием и одобрение за употреба на истиот и веродостоен документ според кој ќе се воведе во сметководствената евиденција и ќе се упише како имот во јавните книги. Во прилог на забелешките законскиот застапник и одговорниот сметководител доставија податоци за делумно спроведување во деловните книги на изградениот ѕид во вредност од 3.229 илјади денари.
- Градбата на живеалиштето за мечки донација од Општина Карпош по договор бр.03-426 за донација на 11.09.2009 во износ од 3.866 илјади денари не е евидентирана во сметководствената евиденција иако за истата на 08.10.2009 до Управата за јавни приходи доставено е Известување за користење на донација. По одржувањето на завршниот состанок а пред издавањето на ревизорскиот извештај од страна на вработените задолжени за водење на деловните книги доставени се податоци за спроведување на потребните трансакции во текот на 2010 година.

- Во известувачкиот период во деловните книги евидентирани се нови градби во износ од 36.225 илјади денари, кои согласно Законот за градење и тоа: одобрение за употреба на објектите, записник со кој се констатира завршување на работите помеѓу инвеститорот и изведувачот како и проектна документација и одобрение за градење. Од вкупно евидентираната вредност на нови градби од Град Скопје се финансирани градби во износ 27.495 илјади денари (вредност утврдена по вредноста на договорите) не ни се презентирани релевантни докази со кои може да добиеме разумно уверување за вредноста на објектите (завршни ситуации).
- Од увидот на имотниот лист бр.5012 издаден на 17.12.2009 констатирано е дека изведените и евидентирани градби за ревитализација на Зоолошка градина на Град Скопје не се запишани во јавните книги т.е. градбите запишани во имотниот лист датираат и се однесуваат за периодот од 1958 до 1984 година. На ревизијата не и е презентиран уреден и веродостоен документ за усогласеност на изведените градби со член 82 став 1 од Законот за градба.

Ваквата состојба на градбите не е во согласност со член 45 став 2; член 51; член 78 и член 81 од Законот за градење. Утврдената состојба има за ефект ограничување на делокругот на ревизијата и неможност на потврдување на податоците содржани во финансиските извештаи во делот на материјалните средства.

3.1.2. На сметката Други материјални средства во известувачкиот период искажани се средства во износ од 931 илјади денари, кои се однесуваат на животните кои ги одгледува/негува Зоолошката градина. Со ревизијата на наведените средства ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со законските и подзаконските акти од наведената област и тоа како што следува:

- Не е презентирана помошна евиденција за бројот, видот и полот на животните во Зоолошка градина односно за истите не постои евиденција согласно член 16 од Законот за идентификација и регистрација на животните;
- Во книгата на основни средства не се евидентирани животните, што не е во согласност со член член 7 став 1 од Правилник за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Утврдената состојба има за ефект да не може да се: добие разумно уверување за бројот, видот и вредноста на животните со кои располага Зоолошка градина на Град Скопје; потврди реалното и

објективното прикажување на сметката Други материјални средства во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на Зоолошката градина да превземат мерки и активности за пропишување на политики и процедури за начниот на постапување во делот на обезбедување на: проектна документација; одобренија за градење/употреба; целосна и веродостојна документација за изведените градежни објекти.

Надлежните органи за раководење и управување со Зоолошка градина да превземат активности за формирање на стручна и компетентна комисија за обезбедување на уредни и веродостојни документи; по потреба изврши процена на изградените градежни објекти и животните и изготви извештај.

Управниот одбор по разгледување и усвојување на извештајот од надлежната комисија да ги задолжи лицата за водење на деловните книги за спроведување на потребните промени.

3.1.3. За одржување и негување на животните Зоолошка градина во известувачкиот период врши набавка на храна во износ од 2.910 илјади денари. Со ревизија на набавката и издавањето на храната за животните утврдени се состојби кои укажуваат на недоследно почитување на законските и подзаконските прописи и тоа како што следува:

- Не е донесен акт за утврдување на нормативи за потребни количини на храна од кои може да се види која храна, за кои животни и во кои количини е потребна во текот на еден ден, а врз основа на тоа да се изготви и план за годишни потреби од храна.
- При издавањето на храната (месо) од документот испратница не може да се утврди за кои животни во кои количини е излезот на храната и кој дал налог да се издаде таа количина на храна, туку само постои потпис од лицето што ја издало и лицето што ја примило храната (месо).
- Издавањето на зрнестата храна и луцерката е евидентирана и потпишана само од магационерот и неможе да се согледаат ниту дневните потребни количини кој ги примил и ги доставил

на животните, како и кој дал налог да се издаде таа количина на храна.

- Храната добиена од животните кои се одгледуваат за економска искористеност не е евидентирана во деловните книги.

Утврдената состојба не е во согласност со член 6 и 7 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници во кои е пропишано дека буџетите и буџетските корисници се должни да ги водат деловните книги според прифатената стандардна сметководствена практика и сметководствени стандарди и податоците регистрирани во нив мора да бидат целосни и комплетни, навремени, ажурни и да бидат презентирани хронолошки. Утврдената состојба има за ефект неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на потребните количини за набавка и потрошувачка на храна како и средствата исплатени за оваа намена.

Во текот на 2010 година превземени се активности за надминување на утврдените состојби; изготвени се зимски и летни таблици за исхрана на животните кои ќе преставуваат основа за утврдување на потребните количини на храна како и веродостојни документи за потрошокот.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Зоолошка градина да продолжат со превземените мерки и да пропишат процедури за начинот на планирање и утврдување на реалните годишни потреби и потрошувачка на истите.

3.1.4. На ревизијата не и е презентиран склучен договор помеѓу Директорот на Зоолошката градина и Градоначалникот на Град Скопје за уредување на меѓусебните права и односи, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 45 став 3 од Законот за установите каде е уредено дека „основачот со директорот склучува менаџерски договор кој има карактер на управен договор “. Непревземањето на активности за склучување на наведениот договор предизвикува отсуство на уреденост на правата, одговорностите и обврските на директорот на претпријатието и Градоначалникот на Град Скопје.

**Препорака**

Градоначалникот на Град Скопје и Директорот на Зоолошка градина да пристапат кон склучување на менаџерски договор во кој ке се регулираат меѓусебните права и одговорности.

## 3.2. Користење на средствата согласно законските прописи

3.2.1. Зоолошката градина во известувачкиот период пристапила кон доделување на договори за јавни набавки на стоки, услуги и работи, во вкупна вредност од 14.762 илјади денари чија реализација заклучно со 31.12.2009 година изнесува 5.198 илјади денари. Во известувачкиот период извршена е реализација на договорите за јавни набавки од претходниот период во износ од 15.681 илјади денари. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки за сметката буџет на дотации, во делот на набавка на стоки и услуги констатирани се состојби кои не се во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и Уредбата за канцелариско и архивско работење во износ од 1.247 илјади денари (Прилог 1 и 2).

Имено барањата за прибирање на понуди кои се доставуваат до понудувачите не се заведуваат во деловодникот, не секогаш се склучуваат договори за јавна набавка а понудите доставени од понудувачите за постапката за јавни набавки не се заведуваат во основната евиденција-деловодник, не се води интерна доставна книга, во која ќе бидат заведени барањата или друга документација од постапките за јавни набавки, а ковертите од понудите не се чуваат во досието за постапката за јавна набавка, со што се оневозможува увидот во датумот на приемот на истите кај договорниот орган.

При реализација на јавната набавка на материјали за тековно и инвестиционо одржување вредноста на набавка е надмината за 81% односно за 242 илјади денари и покрај тоа што се работи за постапка со барање за прибирање на понуди чиј максимален износ изнесува 5.000 евра во денарска противвредност.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 13 и 14 од Уредбата за канцелариско и архивско работење кои упатуваат на обврската на договорниот орган примените акти задолжително да ги заведе во деловодникот и можноста од водење на помошни книги и член 100, член 165 и 172 од Законот за јавни набавки. Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за

јавна набавка предизвикува можност од необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките. Утврдената состојба се појавува и во Ревизорските извештаи за другите сметки а во Ревизорскиот извештај на сметката на основен буџет е дадена препорака за утврдената состојба.

По одржувањето на завршниот состанок а пред издавањето на ревизорскиот извештај од страна на ЈУ Зоолошка градина на град Скопје - Скопје до ревизијата е доставена копија од „Книга за евиденција за јавни набавки“, по која ревизијата не обезбеди разумно уверување дека податоците содржани во истата се ослободени од погрешни прикажувања.

## 4. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.1.1.; 3.1..2. и 3.1.3. е: неможност од потврдување на вистинитоста и објективноста на материјалните средства во Билансот на состојба и неможност од потврдување на усогласеност со законските акти на трошоците за храна искажани во Билансот на приходи и расходи во износ од 2.910 илјади денари.

### Мислење - за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 3.1.1. до 3.1.3. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавната установа Зоолошка градина на Град Скопје – Скопје на ден 31 декември 2009 година.

### Мислење - за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1.1 до 3.1.3 и 3.2.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната установа Зоолошка градина на град Скопје – Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системки слабости

Начинот на чување на животните во зоолошките градини е регулиран во Законот за заштита на природата и тоа во делот за чување и одгледување на диви животински видови. Во членот 32 од законот е предвидено дека е забрането чување и одгледување на диви животински видови во несоодветни услови во заробеништво. Владата на Република Македонија по претходно прибавено мислење од Националниот совет за заштита на природата ги пропишува условите за чување на диви животински видови во заробеништво.

Во членот 33 од истиот закон е пропишано дека физичко и правно лице може да чува и одгледува во заробеништво диви животински видови со цел нивно јавно изложување за научни, едукативни или комерцијални цели, во зоолошки градини, по претходно прибавена дозвола од министерот за животна средина и просторно планирање. Дозволата се издава доколку се исполнети пропишаните услови во членот 32 од законот, што како акт до денот на ревизијата не е донесен од страна на Владата на РМ.

Во членот 151 од законот е предвидено дека податоците за примероците и збирките на зоолошки градини, ботанички градини и сл. се запишуваат во **Регистарот на природно наследство** како целини, според книгата на инвентарот на тие предмети,односно збирка. До денот на ревизијата таков регистар не е воспоставен од страна на надлежниот орган за вршење на стручни работи од обласа на заштита на природата.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. На ден 19.08.2005 година склучен е Договор за пренесување на недвижните ствари, опремата, вработените и други средста за работа од Република Македонија на Градот Скопје, помеѓу Градот Скопје и Владата на Република Македонија, претставувана од министерот за култура на Република Македонија. Во членот 4 од наведениот договор се наведени објектите и недвижностите за кои се пренесува правото на сопственост во корист на Градот Скопје при што за Зоолошка градина е наведено дека „ Зоолошка градина - Скопје, адреса: бул. „Илинденска“ бр. 88-Скопје, со вкупна површина од 6.298 м/2, со оглед на тоа што за нив нема соодветна документација врз основа на која може да се изврши запишувањето на правото според став 1 на овој член, ќе се постапи согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

По утврдувањето на правото на сопственост на Република Македонија, за недвижните ствари од претходниот став на овој член, со заеднички ангажман на Министерството за култура, град Скопје и други надлежни државни органи, Владата на Република Македонија правото на

сопственост на недвижните ствари, согласно закон ќе го пренесе во сопственост на Градот Скопје.

Примопредавањето на недвижните ствари од став 1 на овој член ќе се изврши помеѓу Министерството за култура и градот Скопје.

До денот на известување од извршената ревизија на ревизијата не и е даден на увид документ за примопредавање на недвижните ствари ниту пак е променета состојбата во однос на обезбедување на соодетна документација и запишување на правото на сопственост на Град Скопе. За надминување на наведената состојба потребно е сите инволвирани страни и другите надлежни органи да превзмат мерки за обезбедување на потребните докази и запишување на правот на сопственост на Град Скопје над наведените недвижности.

6.2. Јавната установа Зоолошката градина на град Скопје - Скопје, Република Македонија е правен следбеник на работната организација Зоолошка градина Скопје која е основана во 1928 година. Во текот на своето постоење нејзиното регистрирање и работење е усогласувано со постоечката законска регулатива.

Во 2006 година извршено е усогласување со **Законот за установите** врз основа на кој е донесен **Статутот на Зоолошка градина Скопје под број 01-107** од **16.05.2006 година.** Усогласувањето е запишано и во судскиот регистар на Основниот суд Скопје 1 Скопје од 11.04.2006 година, со **Решение Срег. број 115/06 од 11.04.2006 година** за усогласување во Зоолошка градина на Град Скопје. Дејноста со која е извршена регистрацијата е **дејност на ботанички и зоолошки градини и други природни резервати.**

Согласно член 7 од Статутот на Зоолошка градина Скопје дејноста на установата е од областа на културата како дејност од јавен интерес.

Во Законот за култура е наведено дека културата во смисла на истиот закон ги опфаќа творештвото, објавување на уметничко творештво и заштита и користење на творештвото. Во членовите од 44 до 59 од истиот Закон подетално се опишани дејностите од областа на културата. Во ниту еден од наведените членови не е опишано дека дејноста со која е регистрирана Зоолошката градина односно дејност на ботанички и зоолошки градини и други природни резервати се дејности од областа на културата.

Според Законот за локална самоуправа меѓу надлежностите на општините спаѓа и културата–институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти, негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфичнин форми на творештво, но не и зоолошки градини.

Според Програмата за финансирање на јавните установи и на културните манифестации и активности од областа на културата во Град Скопје за 2009 донесена од Советот на Град Скопје, за реализација на функцијата и дејноста на јавните установи, меѓу кои и за Зоолошката градина истата е ставена во Програмата К3 – музејска и кинотетична дејност иако според дејноста која ја обавува не припаѓа на наведената дејност во програмата.

Работењето на Зоолошката градина не е регулирана со посебен закон од кој може да се согледа целта на основање, да се дефинира дејноста, начинот на работа, третманот на животните, правата и обврските на вработените и други прашања поврзани со дејноста, туку нејзиното работење различно е регулирано во горенаведените законски и подзаконски акти, кое укажува на потребата надлежните органи да ја преиспитаат потребата од усогласување на постојните законски акти или донесување на посебен закон за уредување на работењето на установите од оваа област.

6.3. Во сметководствената евиденција евидентирани се обврски спрема добавувачот ЈП Комунална хигиена Скопје во износ од 3.608 илјади денари кои произлегуваат од неплатени обврски за период од 2000 до 2005 година спрема ЈП Комунална хигиена Скопје. За наведената обврска од страна на Комунална хигиена се поднесени четири тужби . До денот на ревизијата за наведените тужби нема правосилна судска пресуда. Со добивањето на правосилна судска пресуда за спорниот износ од страна на ЈП Комунална хигиена може да предизвика зголемување на обврските на име камати и намалување на квалитетот во извршувањето на дејноста од јавен интерес.

Скопје, 06.12. 2010 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 15,973 | 10,913 |
| **Вкупно приходи** | **15,973** | **10,913** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 7,162 | 4,633 |
| Стоки и услуги | 8,811 | 6,280 |
| **Вкупно тековни расходи** | **15,973** | **10,913** |
| **Вкупно расходи** | **15,973** | **10,913** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од вработените | 27 | 4 |
| Активни временски разграничувања | 5,145 | 5,358 |
| Залихи | 231 | 185 |
| Аванси за капитални средства | - | 102 |
| **Вкупно тековни средства** | **5,403** | **5,649** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4,756 | 4,608 |
| Материјални средства | 70,211 | 32,455 |
| Материјални средства во подготовка | 1,689 | 1,485 |
| **Вкупно постојани средства** | **76,656** | **38,548** |
| **Вкупна актива** | **82,059** | **44,197** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 923 | 4,857 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 14 | - |
| Краткорочни финансиски обврски | - | 4 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 627 | 501 |
| Пасивни временски разграничувања | 3,608 | - |
| **Вкупно тековни обврски** | **5,172** | **5,362** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 76,887 | 38,835 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **76,887** | **38,835** |
| **Вкупна пасива** | **82,059** | **44,197** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **38,650** | **185** | **38,835** |
| **Зголемување по основ на:** | **39,319** | **2,922** | **42,241** |
| Набавки | 9,331 | 2,922 | **12,253** |
| Стекнување без надомест | 28,652 | | |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 204 | | **204** |
| Останати зголемувања | - | | |
| Ревалоризација на капитални средства | 1,132 | | **1,132** |
| **Намалување по основ на:** | **1,313** | **2,876** | **4,189** |
| Отпис на капитални средства | 327 | 2,876 | **3,203** |
| Амортизација | 798 | | **798** |
| Останати исправки | 188 | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **76,656** | **231** | **76,887** |

Јавна Установа
Зоолошка Градина на град Скопје
Скопје,РМ

Приговор во врсака со Нацрт Извешта за извршена ревизија на сметка на расходи од Буџетот на дотации -903

Страна 6 во делот 3.1.1 став 2.3

-Ограден зид помеѓу Зоолошка Градина и Градски Парк истиот не е евидентиран во сметководствената евиденција од причина што зидот не е довршен и не сме имале доволно податоци за вкупната вредноста на зидот.

Во 2010 година Зидот е воведен во сметководствената евиденција со вредност од 3.229.185.00ден за 987.94м2.со средства обезбедени од Градината и спонззорство од Урбан Инвест.
Напоменуваме дека за 2110.06м2 изградена површина од зидотеи финансирани од Град Скопје немаме податоци.и затоа не се евидентирани.
-Прилог налог за спроведено книжење

-Градба живеалиште за мечки почнато е да се гради во 2009година а завршено е на 17.02.2010 и ставено е во употреба.
Во 2010 година живеалиште за мечки е воведено во сметководствената евиденција со вкупна вредност од 11.473.042.00ден.и тоа:
7.587.014.00ден обезбедени од Градината и
3.886.027.00ден средства од донација добиена од Општина Карпош
-Прилог налог за спроведено книжење

Страна 7и.8 во делот 3.1.2 став 4

Животните во градината се евидентирани како други материјални средства и тоа по име и количинаи со цена на чиние за секое животно поединечно во материјалното книговодство,а во финансово книговодство вкупната вредност на сите животни со кои располага Градината.
Од вака спроведената книговодствена евиденција со точност може да се утврди вредноста на животните искажани во Билансот на состојбата.

Прилог Спецификација-попис и материјални картици

Ве молам да ги земете во предвид моите забелешки во однос на Вашиот записник во горе наведените делови ,се надевам дека истите ќе бидат позитивно прифатени од Ваша страна.
Со почит

Одговорен сметководител
Петровска Вера

ОДГОВОР

**На забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Раководното лице (законскиот застапник) на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година на Јавна Установа Зоолошка градина на Град Скопје Скопје и одговорниот сметководител на јавната установа доставија забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката расходи од буџет на дотации (903) кои се заведени под број 11-189/11 од 03.11.2010 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки на Нацрт извештајот и истите не ги прифати поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки или се наведуваат причините за утврдените состојби без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата. Деталните објаснувања за дадените забелешки се презентирани во продолжение и тоа како што следува:

1. Упатените забелешки од законскиот застапник и одговорниот сметководител кои се однесуваат на точката 3.1.1 став 2 од Нацрт извештајот на сметката на расходи на буџет на дотации каде е констатирано дека на ревизијата не и се презентирани релевантни докази за утврдување на конечната вредност на изградениот објект, како и доказ дека е извршен технички прием и одобрение за употреба на истиот и веродостоен документ според кој ќе се воведе во сметководствената евиденција **не преставува забелешка**, туку известување за превземените мерки по утврдените состојби од страна на ревизијата и елаборирање на причините за утврдените состојби. Воведувањето на дел од вредноста на оградниот ѕид во деловните книги ќе биде соодветно обелоденет во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, додека за градбата на живеалиштето на мечките во самиот нацрт извештај е извршено обелоденување на превземените мерки од надлежните органи.

   Во исто време ревизијата укажува дека воведувањето во сметководствената евиденција мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи. Доставената понуда не претставува веродостоен сметководствен документ врз основа на кој ќе се евидентира градежен објект.

2. Упатените забелешки од законскиот застапник кои се однесуваат на точка 3.1.1. алинеја 3 од Нацрт извештајот од сметката на расходи од буџет на дотации за не поседување на одобрение за градба <u>**не претставува забелешка,**</u> туку информација за превземените мерки и активности за надминување на констатираните состојби.

3. Упатените забелешки од законскиот застапник и одговорниот сметководител кои се однесуваат на точката 3.1.2 став 4 од Нацрт извештајот од сметката на расходи од буџет на дотации каде е констатирано дека од начинот на кој се води евиденција на животните не може да се добие разумно уверување за бројот, видот и вредноста на животните со кои располага Зоолошката градина <u>**не се прифаќа.**</u> Имено во прилог на забелешките е доставен список за видовите и бројност на животните кој не е потпишан и архивски заведен и копија од материјална евиденција во трговија на големо. Истите документи се дадени на увид во тек на ревизијата, но не претставуваат евиденција на животните како што е предвидено во одредбите на член 16 од Законот за идентификација и регистрација на животните и член 7 став 1 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

4. Упатените забелешки од страна на законскиот застапник кои се однесуваат на констатациите наведени во точка 3.1.3. од Нацрт извештајот од сметката на расходи од буџет на дотации за отсуство на нормативи за потребните количини на храна <u>**не претставува забелешка**</u> туку информација за превземените мерки и активности за надминување на констатираните состојби.

5. Упатените забелешки од страна на законскиот застапник кои се однесуваат на констатациите наведени во точка 3.1.4 од Нацрт извештајот од сметката на расходи од буџет на дотации за не презентирањето на склучен договор помеѓу директорот на Зоолошката градина и Градоначалникот на Град Скопје <u>**не претставува забелешка**</u> туку информација за превземените мерки и активности за надминување на констатираните состојби.

6. Упатените забелешки од законскиот застапник кои се однесуваат на констатацијата наведена во точка 3.2.1 од Нацрт извештајот од сметката на расходи од буџет на дотации дека барањата за прибирање на понуди кои се доставуваат до понудувачите не се заведени во деловникот, не секогаш се склучуваат договори за јавни набавки, а понудите доставени од понудувачите за постапката за јавни набавки не се заведуваат во основната евиденција-деловник, не се води интерна доставна книга во која ќе бидат заведени барањата или друга документација од постапките за јавни набавки, а ковертите од понудите не се чуваат во досието за постапката за

јавна набавка , со што се оневозможува увидот во датумот на приемот на истите **не се прифаќа** поради недоставување на нови докази. Имено по одржување на завршниот состанок, а пред издавање на ревизорскиот извештај од страна на Зоолошката градина до ревизијата е доставена копија од "Книга за евиденција за јавни набавки" по која ревизијата не обезбеди разумно уверување дека податоците содржани во истата се ослободени од погрешни прикажувања.

Скопје, 18. 11 2010 година